**VI. Преодни и завршни одредби**

Член 32

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/2002, 97/2006, 117/2006, 77/2008 и 85/2009).

Член 33

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 2866/1
6 јули 2011 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**2192.**

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 12 и став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 јули 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

Член 1

Во Одлуката за основање Национален совет за евроинтеграции („Службен весник на Република Македонија“ број 140/2007), во членот 3 ставот 1 се заменува со два нови става 1 и 2, кои гласат:

„Советот има претседател, потпретседател, 15 члена и девет заменици-членови, и тоа: девет члена од редот на пратениците во Собранието, кои имаат свои заменици и шест члена од институциите наведени во ставот 3 на овој член.

Членови и заменици-членови на Советот од редот на пратениците се: три члена и три заменици-членови од редот на пратениците кои се во позиција, три члена и три заменици-членови од редот на пратениците кои се во опозиција. Членови по функција се претседателот на Комисијата за европски прашања, претседателот на Комисијата за надворешна политика и копретседателот на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Македонија, а заменици-членови по функција се заменик-претседателот на Комисијата за европски прашања, заменик- претседателот на Комисијата за надворешна политика и еден од потпретседателите на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Македонија.“

Ставот 2 станува став 3.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2867/1
6 јули 2011 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2193.**

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ број 7/08, 139/08, 64/09 и 52/10) и член 11 став 1 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 84/08, 52/09 и 114/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.7.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ, НАПЛАТА НА ПАТАРИНА И КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ПАКЕТ 1)**

Член 1

Во Одлуката за започнување постапка за доделување концесија за вршење на работите на изградба, реконструкција, одржување, наплата на патарина и користење на дел од државните патишта во Република Македонија (Пакет 1) бр.19-5661/1 од 6.11.2009 година („Службен весник на Република Македонија“ број 134/09, 153/09, 21/10, 42/10, 59/10, 66/10, 94/10, 137/10 и 49/11) во член 6 ставот 2 се менува и гласи: „Рокот за спроведување на постапката ќе изнесува најмногу 775 дена од денот на објавувањето на јавниот повик за доставување барања за учество во постапката во „Службен весник на Република Македонија“, при што:“, а алинејата 3 се менува и гласи:

- рокот за доставување понуди во втората фаза на постапката е 260 дена од денот на испраќање на покани за доставување на понуди.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-3592/1
5 јули 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

---

**2194.**

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ број 7/08, 139/08, 64/09 и 52/10) и член 11 став 1 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 84/08, 52/09 и 114/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.7.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ, НАПЛАТА НА ПАТАРИНА И КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ПАКЕТ 2)**

Член 1

Во Одлуката за започнување постапка за доделување концесија за вршење на работите на изградба, реконструкција, одржување, наплата на патарина и користење на дел од државните патишта во Република Ма-